Вера ГЕОРГИЕВА

**УДК: 141.131**

# TESTIMONIA PLATONICA

**Кратка содржина**

*Идејата за интеграција на посредните извори во „Платонистичките сведоштва“* (Testimonia Platonica) *има голем научен капацитет во интерпретацијата на Платоновата философија и затоа ја сметаме за релевантен прилог во платонистичките студии. Доксографските записи нудат редуцирана претстава за Платоновата философија, но тие, заедно со сведоштвата за ненапишаното учење на Платон и, се разбира, со анализата на автентичните книжевни текстови на Платон, можат да се постават во една историско-критичка целина. Философската егзегеза на Платон треба да ги спои напишаните Платонови дела и остатоците од посредните преданија, во една целина која ќе се смета за* Testimonia Platonica.

***Клучни зборови:*** *ПЛАТОНИСТИЧКО НАСЛЕДСТВО, ПОСРЕДНО И НЕПОСРЕДНО ПРЕДАНИЕ, УСНИ ПРЕДАВАЊА НА ПЛАТОН, ПЛАТОНОВОТО САМОСВЕДОШТВО.*

До шеесеттите години на дваесеттиот век, како општа претстава важеше констатацијата дека Платон колку што е философ исто толку е и уметник. Ваквата рамка на Платоновиот опус ја постави Шлаермахер[1] во почетокот на деветнаесеттиот век, со својата интерпретација во која го апсолутизираше важењето на Платоновите напишани дела, а ја запостави релевантноста на индиректното платонистичко наследство. Вистинска пресвртница во модерната интерпретација на Платоновата философија во дваесеттиот век направија претставниците на тибингенската школа Кремер и Гајзер кои ја рехабилитираа платоновската традиција во двата нејзини елемента: непосредните и посредните сведоштва. Дотогаш, судовите за историската граѓа често се мешаа со систематско-критичките процени. Резултат на тоа недиференцирање на овие две нивоа на

[1] *Platons Werke von F. Schleirmacher*, I-III, Berlin, 1804. По сугестија на Ф. Шлегел, Шлаермахер направи капитален превод на Платоновите списи.

интерпретација беше забавување или оневозможување на релевантно историско истражување на фактите.[2] Смислено и содржински, вистинското научно истражување на прашањето за „платонистичките сведоштва“ би требало да вклучи и обврска за уважување на историската фактографија. Тоа начело, во случајот со платонистичките сведоштва, добива научна релевантност поради разбирливата потреба од истовремено критичко и историско истражување. Притоа, имаме предвид дека секоја интерпретација, колку и да ги исполнува начелата на иманентна критика и фактографска поткрепеност, сепак не е семоќна и, поради тоа, не може да си дава право на апсолутна автархичност.

Во 1959 година, Х. Кремер ја објави својата дисертација „Доблеста кај Платон и Аристотел“ предизвикувајќи широка меѓународна научна дискусија за Платоновото „ненапишано учење“ (αγραφα δογματα).[3] Таа трае и денес и пред секој обид за интерпретација на Платоновата философија го поставува прашањето за пристапот кон изворите. Во споменатата книга, Кремер ја постави тезата дека индиректните сведоштва, без разлика дали се фрагментарни и недоречени, даваат можност за разбирање на општата рамка на Платоновата онтологија. Кремер веднаш доби отворени приврзаници, но и жестоки противници. Идејата дека Платоновата философија може историски да се разбере само ако, кон неговите дијалози, се приклучи и граѓата од индиректното платонистичко наследство, теориски ја поддржуваа Грајзер, Гадамер, Финдлеј, Диртмаер, Ехлер и други. Меѓу најжестоките противници на оваа идеја беа Властос, Фон Фриц, Пациг и др. Нивната клучна забелешка беше дека тие сведоштва се фрагментарни и, поради тоа, се нерелевантни и немоќни да ја сменат традиционалната слика на Платоновата философија.

Добро утврдената и долгогодишна тенденција Платон да се смета за „дијалошки“ мислител, етаблирана од Шлаермахер и сле-

---

[2] Идејата дека секоја интерпретација на античката философија директно и нужно е сврзана со истражувањето на нејзините непосредни и посредни извори, ја елабориравме во текстот: Георгиева, В., Доксографските сведоштва на Диоген Лаертиј, предговор во Лаертиј, Д. *Животите и мислењата на славните философи*, АЗ-Буки, Скопје, 2004.

[3] H. Kramer, *Arete bei Platon und Aristoteles*, Zum Wesen und zur Geschichte der Platonischen Ontologie, Heilderbeg, 1959.(Со идејата за Платоновото „ненапишано учење“ ги запознаваме студентите уште од раните осумдесетти години на минатиот век).

дена од неговите теориски приврзаници, денес се смета за целосно проблематична. Тезата на Шлаермахер за „самодоволноста“ на Платоновите книжевни дијалози[4], во научните кругови доби статус на „романтичен“ мит кој повеќе од сто години го блокира поврзувањето на непосредните и посредните извори. Влијателноста на тој „романтизам“ беше разнишана од клучната теза на Кремер дека вистинската основа на Платоновата философија може да се открие со целосен увид во содржината на изворите за „ненапишаното учење“ кое било сосема заборавено и отфрлено заедно со сите посредни преданија.[5] Со средствата на историската и на критичката анализа, Кремер ја понуди идејата на тибингенската школа за еден интегралистички модел. Намерата на Кремер не беше да се омаловажи философската релевантност на Платоновиот дијалошки опус, туку да се доосмислат и да се решат сите претпоставки за изворниот и за систематски профил на Платоновата философија. Научната дебатата околу оваа идеја на Кремер, и денес, не треба да се сфати само како академски судир на мислења туку, пред сè, како прилог кон откривањето на што поголема автентичност на Платоновата философија.

Местата во Платоновите напишани текстови во кои самиот Платон, на различни начини, алудира на сопствената ненепишана теорија на начелата (αρχαι), како теорија за крајните извори, причини и елементи, се искористени како клучен аргумент во тврдењето дека, покрај неговите напишани идеи, Платон усно развил и една исто толку релевантна философска теорија. Во прилог на тоа тврдење се користат и некои сведоштва на Платоновиот ученик Аристотел, други антички извори и обемна доксографска граѓа. Текстовите врз основа на кои можеме да говориме за вклучу-

---

[4] Читателот го упатуваме на текстот на Ф. Мухиќ „Платон: дијалози за монологот“ објавен во неговата книга *Јазикот на философијата,* Култура, Скопје, 1995. Овде авторот укажува дека, врз основа на зачуваниот опус, Платон ја стекнал високата титула „виртуоз на дијалогот“, но дека во ризницата на дијалозите, самиот Платон оставил низа загатки. Навлегувајќи во најсуптилното значење на поимот „философија“ Ф. Мухиќ вели дека „философијата е интерен дијалог“ и, во таа смисла, „Платон разговара сам со себе, со својата душа... Ако дијалогот е разговор на две личности тогаш, списите на Платон се *монолози*... А, ако се просудува според критериумот кој бара комуницирање на две позиции, списите на Платон се полнокрвни *дијалози.*“ стр. 140–142.

[5] H. Kramer, *Platonovo utemeljenje metafizike*, Demetra, Filosofska biblioteka Dimitrija Savić, Zagreb, 1997.

вање на ненапишаното учење во testimonia Platonica ќе ги поделиме во две групи: 1. Платоновите самосведоштва и навестувањата за „ненапишаното учење“ во некои Платонови дијалози и 2. Антички, доксографски и други посредни сведоштва.

Во Платоновите самосведоштва спаѓаат следниве места: Фајдрос, 274 В 6-278 Е 3, Седмо писмо, 340 В 1–345 С 3, а во навестувањата за Платоновото ненапишано учење што самиот тој ги спомнува на некои места во своите дијалози ги вбројуваме: Протагора, 356 Е 8–357 С 1, Менон, 76 Е 3–77 В 1, Фајдон, 107 В 4–10, Политеја, 506 D 2–507 А 2, Политеја, 509 С 1–11, Парменид 136 D 4–Е 3, Софист, 254 В 7-D 3, Државник 284 А 1–Е 8, Тимај, 53 С 4- D 7, Тимај, 48 С 2–Е 1, Закони 894 А 1-5.

Во антички, доксографски и други посредни сведоштва се вбројуваат: Аристоксен: Елементи на хармонијата, Симпликиј: Коментар на Аристотеловата Физика, Аристотел: Физика, Аристотел: Метафизика, Аристотел: Никомахова етика, Аристотел: Евдемова етика, Теофраст: Метафизика, Александар Афродизиски: Комантар на Аристотеловата Метафизика, Секст Емпирик: Против математичарите, Псевдо-Александар: Коментар на Аристотеловата Метафизика, Јамблих: Протрептикус, Диоген Лаертиј: Животите и мислењата на славните философи.

Прашањето за валидноста на посредните и на непосредните извори во аргументацијата има, пред сè, методолошко значење. Токму од методолошки аспект можат да се анализираат и да се вреднуваат тие сведоштва за да се засили и за да се потврди научната убедливост во докажувањето. Поради тоа, секое навраќање на ова прашање е не само теориски оправдано туку дава можност за авторско преиспитување и за авторски автономен теориски прилог во истражувањето и во поткрепувањето на идејата дека Платон создал и учење кое го излагал усно и не го запишал самиот тој, а во кое е содржана неговата теорија на начелата, исто толку релевантна за неговиот целокупен опус колку и идеите изложени во неговите напишани текстови.[6] Приврзаниците на тредиционал-

---

[6] Приврзаниците на тезата за рамноправната валидност и на „ненапишаното учење“ ја развија централната идеја дека Платоновата теорија на начелата, изложена во „ненапишаното учење“, е систематска рамка на теоријата на идеите. Статусот на идеите, во онтолошка смисла, овие автори го расветлуваат во рамките на теоријата на начелата.

ниот пристап, речиси без исклучок, Платоновиот философски систем, врз основа на неговите напишани дела, го сведуваа главно на теоријата на: идеите, еротологијата, теоријата на доброто и теоријата на државата.

Во истражувањето на античката философија, од оваа тенденција, не останаа ни водечките имиња на интернационален план. Самиот Кремер пак, во италијанското издание на студијата „Платоновото втемелување на метафизиката" потврди дека неговите истражувања, содржани во таа обемна студија, не ги смета за сопствен конечен заклучок. Стручната дискусија за значењето на Платоновата теорија на начелата (како основни извори, причини и елементи на стварноста) продолжува и натаму да создава продуктивни идеи на тоа поле.[7]

Идејата на Шлаермахер за обезвреднување на сите посредни преданија на Платоновата философија ја зајакнале неговите следбеници. Нивното тврдење се сведува, главно, на тоа дека изобличувањето на Платоновите напишани дела е резултат на егзегезата на Платон од неоплатонистички вид. Самодоволноста на списите на Платон Шлаермахер никаде не ја извел експлицитно. Неговата централна теза дека „книжевниот" Платон има предност пред „усниот" Платон, се темели врз убедувањето дека Платон треба да се реципира како „философски уметник" или како „философ и уметник",[8] истовремено. Шлаермахер верува дека од уметничкиот карактер на Платоновите текстови произлегува вистинска, иманентна сила за нивната рецепција. Несомнени се философско-историските претпоставки за актуализација на Платон во неговото совпаѓање со „објективниот идеализам" во времето кога Шлаермахер ја пишува својата интерпретација на Платон. Интересирањето на Шлаермахер за Платон може да се разбере во контекстот на тогаш актуелната и современа идеалистичка философија.[9] Интерпретацијата на Шлаермахер за умет-

---

[7] Една од импликациите на оваа теза е „приближувањето" на Платон кон претсократовците и, можеби, уште позначајно е тоа што, на тој начин, се открива континуитетот и „едноста" на философијата во онаа смисла во која Хајдегер и други автори одбиваат философијата да ја парцијализираат на дисциплини, на нејзините одделни гранки, што не го правел ни самиот Платон.

[8] F.D.E. Schleiermacher, *Hermeneutik und Kritik, Berlin,* 1838, S.17.

[9] Во прилог на ова тврдење види подетално кај: Kritische Friedrich-Schlegel-Ausgabe Vol. III 334.

ничкиот лик на Платоновата книжевна форма-дијалог, беше на штета на посредното предание и посредните сведоштва за Платоновата философија. Од друга страна, директните и усни предавања на Платон во Академијата како да се потиснати во втор план, па дури и сосема запоставени. Беше испуштено од вид дека дејноста во Платоновата школа не можела да се сведува само на пишување текстови. Колку тие и да ги следеле усните предавања на Платон, сигурно не биле проста репродукција на неговите идеи, ниту пак тоа може да се докаже со валидна документација. Дури, може слободно да се претпостави дека во усните излагања пред своите ученици, Платон многу поотворено, директно и непосредно, „почисто" го прикажал она што е содржано во комплицираните дијалози. Во вториот дел на дијалогот „Фајдрос", самиот Платон укажува на темелната разлика помеѓу пишаниот збор и усно изговорената реч и нагласува дека писмото е како слика со која читателот тешко може да воспостави комуникација затоа што таа не одговара на прашањата, а живата реч го овозможува непосредното разменување на идеи.[10]

Овде, накусо, ќе го споменеме и гледиштето на Г. Ф. Херман кој тврди дека меѓу Платоновите напишани дела и усните предавања постои однос на експликација и апликација. Уште во 1839 година, Херман ја презентира идејата дека усното излагање го содржело учењето за идеите и за елементите, а дијалозите со тоа не го губеле своето посебно философско значење. Во своето дело „*Geschichte und System der platonischen Philosophie I*"[11] Херман ја заменува тезата на Шлаермахер за систематски нацрт на Платоновите списи со идејата за еволуција на Платоновото мислење. Меѓу историчарите на философијата, неговата идеја е позната под името „генетичка" или „еволуционистичка" теза со која се промовира ставот за мисловен развој во Платоновиот живот. Притоа, тој го развива тврдењето дека ненапишаното учење кое го посредувале учениците на Платон, како највисок степен на философијата, треба да се лоцира од крајот на Платоновиот мисловен пат.

---

[10] Фајдрос, 274–278 и 276 Е

[11] G. F., Hermann, *Geschichte und System der platonischen Philosophie I*, Heilderbeg, 1839, S.552, 554.

Кремер со право му забележува на угледниот германски историчар на философијата Е. Целер дека токму тој е главниот виновник за втемелувањето на Шлаермаховата интерпретација на Платоновата философија. Вината на Целер не е само во некритичкото прифаќање и продолжување на идеите на Шлаермахер, туку и во фрлањето во сенка на некои рани обиди, наспроти тезата на Шлаермахер, да се сврти вниманието кон ненапишаното учење на Платон како што беше, иако недоречено, она на Херман. Ваквото тешко обвинување на сметка на Целер, Кремер го поткрепува со наведување на сите пропуштени можности да се дополни и да се исправи интерпретацијата на Шлаермахер. Можеме да се согласиме со Кремер дека тезата на Шлаермахер стана „идеолошки стврднатата истражувачка парадигма". Подоцнежните платонистички истражувања не ја пронајдоа вистинската насока токму поради авторитетот на Шлаермахер, пренесен и зачуван од страна на неговиот следбеник Е. Целер. Идеите на Шлаермахер, Целер успеал да ги доведе во „привидна усогласеност" со историските факти. Тоа довело до „победа" и до решавачко влијание на тезата на Шлаермахер, вели Кремер.[12] Идејата на Целер, во суштина, им ја одречува изворноста, автентичноста на посредувачката улога на преданијата. Со тоа се поткрепува стратегијата на шлаермахеризмот. Хегелијанецот Целер, во својата „Историја на филозофијата кај Грците" и „Историјата на философијата", ја обезвреднува Платоновата теорија на начелата и таа теорија хронолошки ја оддалечува од најголем број напишани Платонови дела.[13] Всушност, Целер смета дека индиректната платонистичка традиција хронолошки е во врска со доцната активност на Платон. Тој оценува дека таа е целосно езотерична и поради тоа е таинствена и неподатлива за издржана и релевантна анализа. Идеите и влијанието на Целер длабоко навлегоа во дваесеттиот век и ја зацврстија интерпретацијата на Шлаермахер која го редуцираше платониситичкото наследство. Платонистичките истражувања во дваесеттиот век, во Германија, беа под силно па дури и решавачко влијание на неговите идеи. Идентична теза заста-

---

[12] H. Kramer, *Platonovo utemeljenje metafizike*, Demetra–Filozofska biblioteka Dimitrija Savić, Zagreb, 1997, str.52.

[13] Овие тврдења на Целер можат да се сретнат и во E. Zeller, *Platonische Studien*, прв пат издадено во Тибинген 1839, а препечатено во Амстердам, 1969. и во Zeller, E., *Die Philosophie der Griechen*, vol. II, Tubingen, 1846.

пуваше и Американецот Х. Чернис. Тој тврдеше дека Платоновите дијалози ги поврзува цврсто внатрешно единство, а индиректните сведоштва страдаат од инхерентна неконзистентност.[14]

Во рецепцијата на Платон, истражувањата за неговото ненапишано учење беа потиснати на периферијата. Известувањата за тоа учење се сметаа за сомнителни, непотврдени, а со тоа тие беа философски дискредитирани. Најмногу што направија некои историчари на философијата беше да го изедначат Платоновото ненапишано учење со неговите главни мисли од дијалозите. Некои направија обид да покажат дека ненапишаното учење на Платон, кое отстапува од она во напишаните списи, е репрезент на најдоцнежниот период на Платоновото философирање. Сите тие интерпретации само ја потврдија тешкотијата што стои пред историчарите на античката философија кога е во прашање временската дистанца и проблемот на изворите. Во деветнаесеттиот век, водечката интерпретација на Шлаермахер, во суштина, остана неспоива со историските извори и со сопствените сведоштва на Платон. Шлаермахеризмот, во крајна смисла, имплицираше не само идентификација на книжевното дело на Платон со Платоновата философија, туку и потиснување, исклучување на усното, некнижевното предание. Триумфот на ова гледиште, во деветнаесеттиот век, за историчарите на античката философија беше како цврст бедем кој полека, но сигурно, беше разнишан и целосно доведен под прашање.

Заслугата за актуализирање на важноста на посредното предание им припаѓа на плејада научници[15]. Нивната цел беше да се соочат двете слики за Платон: онаа на неговите ученици и на нивните соопштенија за неговото ненапишано учење и сликата на Платон рефлектирана во неговите текстови. Еден од нив е Л. Робен[16] кој, во своите трудови го сврте вниманието на научната јавност кон посредните извори на Платоновата философија. На ненапишаното Платоново учење тој енергично му даде рамноправно философско значење. Неговата интерпретација на Платон

---

[14] H., Cherniss, *Aristotle, s Criticism of Plato and the Academy*, I, New York, 1962. и H., Cherniss, *The Riddle of the Early Academy*, Los Angeles, 1962.

[15] H. Kramer, op. cit., str. 67

[16] Robin, L., *La Théorie Platonicienne des idées et des nombres d'aprés Aristote*, Paris, 1908; Robin, L., *La pensee hellenique des origines a Epicure*, Paris, 1967.

може да се смета како нацрт за сериозна програма на поврзување на двете страни во целината на Платоновата философија. Како прилог во научната дискусија во однос на тоа прашање, посебно место има германскиот научник Виламовиц. Во 1919 година, Виламовиц, недвосмислено, ја докажа автентичноста на Платоновото „Седмо писмо“ и со тоа го потврди неговото значење какошто едно од најважните места каде се наоѓа Платоновото лично сведочење за неговото ненапишано учење. Со тоа беше отворена насоката во комплетирањето на интегралната слика за Платоновата философија, заедно со назнаките од неговиот „Федрос“ и „Политеја“. Во таа смисла Кремер прецизира дека: „Од наведувањето во Седмо писмо произлегува меѓутоа, дека Платон ја застапувал теоријата на начелата неизменета најмалку петнаесет години пред неговото составување, т.е. барем во последните дваесет години на животот“.

Дали може да се зборува за систематско единство на Платоновата философија? Повеќемина автори посредното предание го ограничија на доцниот, старосен период на Платон или на последните години од неговиот живот. Хронолошкото релативизирање на ненапишаното Платоново дело остави простор за натамошни научни истражувања. Против подоцнежното датирање на посредното предание истапија претставниците на тибингенската школа Кремер и Гајзер и конечно го урнаа монополот на тезата на шлаермахизмот. Сведочењето на Платон во сопствените изјави во „Седмото писмо“, во „Федрос“ и во „Политеја“, доволно јасно потврдува „за постоењето на посебно учење, напоредно со напишаните дијалози и само усно излагано“.[17] Целиот потфат на Кремер методолошки може да се оцени како комплетно *собирање* на сите поединечни места во дијалозите на Платон, каде што постојат јасни упатувања за ненапишаните содржини и тие да бидат синтетички протолкувани за да може, на тој начин, Платоновиот книжевен опус во поединечности да се поврзе повеќекратно со посредното предание.[18] Не е нескромно кога самиот Кремер оценува дека претставниците на тибингенската школа, „за прв пат, плански ги споиле двете гранки на платонистичкото предание и ги довеле до конвергенција во целосната слика на Платоновата

[17] H. Kramer, op.cit., str. 69.
[18] Ibid., str. 70.

фолософија".[19] Самиот Кремер нагласува дека, во тој потфат, водечко методолошко начело било, врз дијалозите, да се испроба експликативната сила на соопштенијата за ненапишаното учење, но, истовремено, и стегнатите и куси доксографски соопштенија да проговорат во светлината на целината на Платоновата философија и проблемското богатство со кое изобилуваат дијалозите. Кремер е убеден дека, на тој начин, се отворила можност за заемно дополнување и на објаснување на двете линии на преданито, но, исто така и за нивното меѓусебно поврзување и контрола. За резултатите на истражувањето на претставниците на тибингенската школа, Кремер вели дека претставуваат обид за историско-критичка реконструкција и за философско-историска разработка и вреднување на распоредувањето во содржината на учењето, како што го извел самиот Платон.[20]

Платоновата усна предавачка дејност е доказ за Платоновото критичко однесување спрема медиумот на напишаниот збор (види во „Фајдрос"). Самото тоа е доволен показател за критичко превреднување на сведоштвата за Платоновите усни предавања. Со тоа, ќе се отвори можност за прекинување на изедначувањето на Платоновата философија со зачуваниот корпус на неговите напишани дела. На посредните сведоштва треба да им се даде полна тежина, како и на напишаните дела. Притоа, Платоновото *самосведочење* служи како поткрепа за легитимноста на поврзувањето на посредните и непосредните извори на Платоновата философија. Обидите да се неутрализира значењето на посредното предание со тоа што ќе се сведе на доцнежно датирање (како усни предавања во староста на Платон), не ја постигнаа својата цел, посредната традиција да биде маргинализирана. Обединувањето на посредната и на непосредната традиција, иако на два колосека, овозможува научно промислување на сета историски документирана граѓа. Вклучувањето на посредното сведоштво овозможува подобра процена и подобро разбирање на Платоновата философија во целост. Документарната вредност на Платоновите дијалози, како извор на неговата философија, се дополнува со изворите кои сведочат за посредното предание. Нивното содржинско поврзување отвора сигурен методолошки зафат за толкување

[19] Ibid., str. 70.
[20] Ibid., str. 70.

на Платоновата философија и го стеснува просторот за контроверзните проблеми на интерпретацијата. Посредното предание сведочи за проширениот видокруг на Платоновата философија. Токму преку посредното предание е достапна Платоновата теорија на начелата. Преку запознавањето со таа теорија е можно историски да се поврзат предсократовските идеи во еден проблемски континуитет со аристотелизмот и неоплатонизмот. Комплементарноста на посредните и на непосредните извори овозможува историско втемелување на целокупната слика на Платоновата философија. Фактот дека во Платоновите списи постои поголемо документаристичко богатство, не ја намалува вредноста на посредните сведоштва кои, на прв поглед, се „вкочанети" и стегнати. Меѓу напишаниот опус и ненапишаното учење постои содржинска разлика. На научниците останува нејзиното истражување и утврдување. Поради тоа, поврзувањето на двете традиции сè уште го сметаме за проект, а не за конечно сознание. Во таа смисла, Кремер вака ги прецизира перспективите на идните истражувања: „И врската помеѓу напишаниот опус и ненапишаното учење може уште поточно да се зафати со помош на средишните делови на големите дијалози, па така да се употреби за материјално фундираната морфологија на платонистичкиот дијалог".[21]

Под влијание на некои историчари на античката философија, пред сè на Целер, посредното предание заземаше периферно место или беше целосно маргинализирано во платонистичките студии. Причината за тоа беше во сфаќањето дека тоа посредно предание беше лоцирано кон карајот на т.н. Платонов философски развој. Кремер оценува дека личните Платонови искази, неговото самосведоштво во /„Седмото писмо" и во „Фајдрос", дополнети со одредени алузии во самите дијалози „таа хипотеза ја прават лажна". Хронолошкиот редослед на дијалозите не може имплицитно да се толкува како мисловен развиток на Платон. Тезата за развојот на Платоновата мисла некритички беше пренесена како готова премиса врз Платоновиот опус. Правилната процена на посредните извори овозможува да се напушти методот на еволуционизам во Платоновите дијалози.

Имајќи ја предвид комплементарноста на посредното и непосредното предание, може да се говори за целосна нова слика на

[21] Kramer, op. cit., str. 119.

Платоновата философија која не ќе може да ја заобиколи ниту еден сериозен истражувач. Тоа помага да се разбере дека целокупната онтолошка проблематика во Платоновата философија е определена од претсократовската перспектива, дека проблемското поврзување со софистичко-сократовското разбирање на човекот и на полисот се во рамките на еден „природен“ **континуитет** на античката философија во кој нема „резови“. Не постои конфронтирање на апсолутно нови периоди во античката философија, ниту во целокупното творештво на Платон. На деталните импликации на ова гледиште за комплементарност на посредното и непосредното предание во формирањето на сликата за Платон, ќе се навратиме во друга пригода.

На крајот, можеме да заклучиме дека, ако го запоставиме она што е содржано во Платоновото ненапишано учење, ќе бидеме исправени пред опасноста да ја стесниме Платоновата теорија на идеите. Изворната Платонова онтолошка позиција ги вклучува и оние места од посредните сведоштва во кои експлицитно се потврдува неговото учење за праначелата. Во систематските рамки на неговата онтологија, ова учење има свој вистински легитимитет. Од друга страна, во историско-философска смисла, Платоновата теорија на начелата, содржана во неговото ненапишано учење, а достапна преку посредните извори и преку Платоновите самосведоштва, има продолжено присуство и влијание кај Платоновите наследнци во неговата школа – Академијата. Преземањето на таа теорија на Платон од страна на неговите следбеници во Академијата, навистина доживеало историска модификација преку средниот платонизам, сè до неоплатонизмот.[22] Но тоа е прашање за поширок пр остор и за друг текст.

(Рецензент: *проф. д-р Ферид Мухиќ*)

---

[22] Со ова прашање се занимаваше Кремер во две негови студии: H. Kramer, Der Ursprung der Geistmetaphysik, Amsterdam, 1967. и H. Kramer, Platonismus und hellenistische Philosophei, Berlin \ New York, 1971.

## БИБЛИОГРАФИЈА

Cherniss, H., *Aristotle, s Criticism of Plato and the Academy, I,* New York, 1962.

Cherniss, H., *The Riddle of the Early Academy,* Los Angeles, 1962.

Hermann, G.F., *Geschichte und System der platonischen Philosophie I,* Heilderbeg, 1839

Krämer, H., *Arete bei Platon und Aristoteles, Zum Wesen und zur Geschichte der Platonischen Ontologie*, Heilderbeg, 1959.

Krämer, H., *Platonovo utemeljenje metafizike,* Demetra, Filosofska biblioteka Dimitrija Savć, Zagreb, 1997.

Krämer, H., *Der Ursprung der Geistmetaphysik,* Amsterdam, 1967 .

Krämer, H., *Platonismus und hellenistische Philosophei,* Berlin \ New York, 1971.

Лаертиј, Д., *Животите и мислењата на славните филозофи,* АЗ-Буки, Скопје, 2004.

Мухиќ, Ф., *Јазикот на филозофијата*, Култура, Скопје, 1995.

Platons Werke von F.Schleirmacher, I-III, Berlin, 1804.

Robin, L., *La Théorie Platonicienne des idées et des nombres d'après Aristote,* Paris, 1908.

Robin, L., *La pansée hellénique des origines à Epicure,* Paris, 1967.

Schleiermacher, F.D.E., *Hermeneutik und Kritik,* Berlin, 1838.

Zeller, E., *Platonische Studien,* (прв пат издадено во Тибинген 1839, а препечатено во Amsterdam, 1969).

Zeller, E., *Die Philosophie der Griechen, vol.II,* Tubingen, 1846.

Vera GEORGIEVA

## TESTIMONIA PLATONICA

### Abstract

*The main intention of this text is to present modest attachment concerning final outruning of the rigidness and one-sideness of the Schlaermaherism in the interpretation of Plato's philosophy. The idea for integration of the indirect tradition in "**testimonia Platonica**" has huge scientific capacity in the interpretation of Plato's philosophy, which is basic reason why is considered like relevant attachment in the studies of Platonism. Doxographic writings are offering indeed really reduced picture for Plato's philosophy, but, alltogether with the testimonies of the unwritten Plato's philosophy and, of course, in addition with the analysis of authentic Plato's texts, they can be settled in one historical-critical totallity of Plato's philosophy. The philosophic interpretation of Plato should unified Plato's texts and remainings of the indirect testimonies in complete totality which will be considered as "**testimonia Platonica**". The complementarity of the indirect and direct heritage enables historical foundation of complete representation of Plato's philosophy.*

***Keywords:*** *PLATONISTIC TESTIMONIES, PLATO'S SELFTESTIMONY, DIRECT AND INDIRECT SOURCES, DOXOGRAPHIC WRITINGS.*